Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër 08-130
Дата/data 03.04.2025

детски културен центар
КАРПОШ

# Годишен извештај за работата на ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ за 2024 година

**СКОПЈЕ, 2025**

## ВОВЕД

ЈУ. Детски културен центар - Карпош е реномирана градска институција, со традиција повеќе од седум децении.

Детскиот културен центар - Карпош спроведува креативни, модерни и интерактивни програми, секции и работилници кои ги следат социјалните појави и трендови, во согласност со интересите на децата и младите. За време на своето постоење, Детскиот културен центар - Карпош зачува сè што е добро и го надополнува со современи методи на работа, следејќи ги потребите и желбите на корисниците.

Насочен кон истражување и откривање на потенцијалот и талентите на децата и младите во сите области на културата, Детскиот културен центар - Карпош се стреми да комуницира директно со децата и младите преку своите активности и секции, насочувајќи ги кон стекнување потреба од уметничко искуство, знаење и забава.

Детски културен центар - Карпош користи едукација, вмрежување, децентрализација на активности како клучни инструменти, создава знаење и производи на уметничка активност, пренесува знаење од други средини во средината во која работи и е отворен за нови решенија и нови културни и уметнички области. Детски културен центар - Карпош е референтна институција во областа на меѓународната културна соработка во областа на детската уметност и култура и е организатор и реализатор на повеќе детски меѓународни манифестации за деца и млади во земјата.

Детски културен центар - Карпош ги насочува своите активности пред се кон основната целна група, децата и младите, како директни потенцијални корисници, потоа кон нивните родители и другите учесници во развојот на културните потреби, стручни соработници од областа на културата и образованието за деца и млади.

Директор:
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

## *ЛИЧНА КАРТА НА ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ*

Локација




Основни информации

Адреса: бул. Илинден број 53, 1000 Скопје

## *МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ*

- Центарот се состои од два ката и сутерен  во вкупна површина на зградата од 540м2
- Дворот е со површина од околу 490 м2 и е хортикултурно уреден.

- **Вкупен број на простории во центарот: 11**

Канцеларии: 5

1. Сали за изведбени активности 2
2. Експериментална лабараторија 1
3. Просторија за музички активности 2

4. Просторија за ликовни активности 1

## МИСИЈА

Позиционирање во општеството на културни и воспитно - образовни активности за деца и млади, преку иновации и следење на современи трендови во културата и личниот развој кај децата и младите.

## ВИЗИЈА

Зајакнување на позицијата на врвот на пирамидалната структура во системот на институции кои се занимаваат со култура за деца и млади, што систематски ќе даде конкретен придонес кон развојот на креативноста и ќе постави стандарди во развојот на креативна, иновативна и холистичка личност кај деца и млади.

## МОТО

Квалитетното минато слободно време на децата е темел за нашата подобра иднина!..
БИДИ ДЕЛ ОД НАС!

## ПРИНЦИПИ

Во извршувањето на дејноста која е од јавен интерес, се почитуваат следниве принципи:

- ✓ сигурност во давањето на услугите,

- ✓ континуитет и квалитет на услугата,
- ✓ транспарентност, достапност и заштита на корисниците,

ЈУ. Детски културен центар – Карпош е детска установа со традиција повеќе од 75 години. Досегашната девиза на Карпош беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на децата и младите во градот Скопје и пошироко. Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер. ЈУ. Детскиот културен центар - Карпош преку културни настани, секции и работилници ги интегрира децата од предучилишна до 17 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и креативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за развој, следејќи ги потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно - општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со осмислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Исто така, од сериозно значење е постојаното систематско и професионално присуство на Детскиот културен центар - Карпош во сите медиуми како во вид на презентација на Центарот, така и со сопствени активности, а од уште поголемо значење за него е осмислувањето и спроведување стратегија за привлекување донатори, спонзори, волонтери и поддржувачи на Детскиот културен центар - Карпош.

Севкупните активности на Детскиот културен центар-Карпош се изразуваат преку следните секции:

| СЕКЦИИ | РАБОТИЛНИЦИ |
|---|---|
| | |
| ФОЛКЛОРНА | ЕТНО КРЕАТИВНО КАТЧЕ |
| БАЛЕТСКА | ДЕТСКА ФИЛОЗОФИЈА |
| ЛИКОВНА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА КЛАСИЧНА ГИТАРА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ ТАПАН, ГАЈДА... | |
| СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА | |
| ПИНГ - ПОНГ | |
| ХОРСКО ПЕЕЊЕ | |
| ШАХ | |
| ПРИРОДНИ НАУКИ | |
| ДРАМСКА СЕКЦИЈА | |
| МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО | |

Покрај редовно одржување на секциите, ЈУ. Детскиот културен центар – Карпош реализира и внатрешни и надворешни манифестации:

| ***ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОРГАНИЗИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ - КАРПОШ*** | ***НАДВОРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ*** |
|---|---|
| | |
| Теренско истражување –Тајмиште, краток документарен филм | Фестивал за детски мјузикли |
| Гостување на фолклорниот ансамбл на ДКЦ Карпош - „Ритамот на традицијата“- Кочани | Ритамот на чаршијата |
| Цртање на асфалт | Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ |
| Бела ноќ | Инструментите на моите предци |
| Ученичка квизотека | Фестивал за класичен балет и модерен танц |
| Играм и пеам за мојата мајка | Меѓународен фестивал на класична гитара -Тремоло |
| Ден на здравје - Крос трка | Работилници за креативно менторство |
| Јавен час на секциите на ДКЦ-Карпош | ЗОО Азбука 6 |
| Движи се за здравје- Спортувај за здравје | Меѓународен детски фолклорен фестивал - Оро без граници |
| Хуманитарен концерт за Леонид Индов | |
| Посета на дом за стари-Мајка Тереза | |
| Квиз Бамбини | |
| Саем на средни училишта на Град Скопје-настап на фолклорната секција на Плоштад Македонија | |
| Го градам мојот град | |
| Драмска претстава „Тинејџерски лудории“ | |
| Активност на драмско музичкото студио на ДКЦ-Карпош- Приказната за генијалната Матилда | |
| Активност на драмската и балетската секција -Последната зимска ноќ | |
| Новогодишна претстава-Последната зимска ноќ | |
| Одбележување на светски ден на пинг-понг | |

| | |
|---|---|
| Завршен Јавен час на музичката секција-класична гитара и кларинет | |
| Спортски активности-спорт без пречки | |
| Новогодишна презентација на ЈУ. Детски културен центар- Карпош | |

Во понатамошниот текст поткрепено со текст и фотографии е претставена работата на ДКЦ - КАРПОШ за 2024 година.

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. Фестивал за детски мјузикли
2. Ритамот на чаршијата
3. Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ
4. Инструментите на моите предци
5. Фестивал за класичен балет и модерен танц
6. Меѓународен фестивал на класична гитара -Тремоло
7. Работилници за креативно менторство
8. ЗОО Азбука 6
9. Меѓународен детски фолклорен фестивал - Оро без граници

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

1. Теренско истражување–краток документарен филм „Тајмиште“

2. Гостување на фолклорниот ансамбл на ДКЦ-Карпош на „Ритамот на традицијата“ - Кочани

3. Цртање на асфалт

4. Бела ноќ

5. Ученичка квизотека

6. Играм и пеам за мојата мајка

7. Ден на здравје - Крос трка

8. Јавен час на секциите на ДКЦ-Карпош

9. Движи се за здравје- Спортувај за здравје

10. Хуманитарен концерт за Леонид Индов

11. Посета на дом за стари лица - Мајка Тереза

12. Квиз Бамбини

13. Саем на средни училишта на Град Скопје-настап на фолклорната секција на Плоштад Македонија

14. Одбележување на светски ден на пинг-понг

15. Го градам мојот град

16. Драмска претстава „Тинејџерски лудории“

17. Активност на драмско музичкото студио на ДКЦ-Карпош- Приказната за генијалната Матилда

18. Активност на драмската и балетската секција - Последната зимска ноќ

19. Новогодишна претстава - Последната зимска ноќ

20. Завршен Јавен час на музичката секција-класична гитара и кларинет

21. Спортски активности – спорт без пречки

22. Новогодишна презентација на ЈУ. Детски културен центар „Карпош“

## III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

### СЕКЦИИ

1. Фолклорна секција
2. Балетска секција
3. Ликовна секција
4. Изучување на класична гитара
5. Изучување тапан, гајда
6. Мултимедијално творештво
7. Пинг-Понг
8. Хорско пеење
9. Шах
10. Природни науки
11. Драмска секција
12. Сценски движења

### РАБОТИЛНИЦИ

Етно креативно катче
Детска филозофија

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Фестивал за детски мјузикли

Оваа 2024 година од 4 до 5 јуни за прв пат се одржа „Фестивал на детски мјузикли“ организиран и реализиран од ЈУ. Детски културен центар – Карпош под покровителство на Град Скопје и Младински културен центар-МКЦ.

Овој проект е наменет за деца и млади кои поседуваат исклучителен талент за пеење, глума и танцување. Низ серија аудиции се избираат талентирни деца и млади за учество во детски мјузикл на македонски јазик.

Целта на овој проект е да се афирмира пеење, глума и танц во едно, да се негуваа вокалната техника кај децата и да се едуцира младата популација за вреднување на сопствените културни вредности од обласата на детските мјузикли и секако за крај, можност за избор на идна професија

Публиката на 4 јуни од 19:00 часот во кино Фросина уживаше во мјузиклот „Приказната за генијалната Матилда“, која беше изведена на македонски јазик од талентираните членови на Студиото за детски и младински мјзуикли Бродвеј Јуниор од Скопје и членовите на хорот од ДКЦ - Карпош.

Мјузиклот „Кралот лав“ кој беше изведен на 05.06. од 19:00 часот исто така во кино Фросина беше изведен на англиски јазик со нашите гости од интернационалното училиште QSI Скопје.
Веруваме дека овој фестивал ќе расте од година во година и ќе прерасне во меѓународен настан.








A







## 2. Ритамот на чаршијата

За прв пат на 17 и 18 септември 2024 година се реализираше манифестацијата „Ритамот на чаршијата“ на која главен организатор е ЈУ. Детски културен центар Карпош“ под покровителство на Град Скопје.

Старата скопска чаршија сѐ уште живее во духот на традицијата, во себе криејќи приказни за едно минато кое и денес оставило белег, во секое нејзино ќоше. Без разлика од која страна ќе влезете во чаршијата, ќе наидете на голем број дуќанчиња полни со сувенири, различни народни носии и разни рачни изработки.

Со цел уште повеќе да заживее Старата скопска чаршија и да продолжи приказната за неа потребни се повеќе културни настани за да се афирмираат културно уметничките објекти, но овој пат , во духот на ритамот.

На 17 септември од 19:00 часот во Куршумли Ан пред публиката која беше во голем број, се претставија, ВИС Аманет, членовите на фолклорната секција на ДКЦ-Карпош, кои беа облечени во традиционални носии - ала турка и ала франга, како и фолклорното друштво „Седенка“. Сите три, исклучително добри културни друштва, преку вокален-инструментален настап ги претставија македонските традиционални - чалгии, народни и староградски песни, игри и ора, кои ја кренаа публиката на нозе и ја потикнаа да запее со нив.

Втората фестивалска вечер од манифестацијата „Ритамот на чаршијата“ се одржа во Чифте Амам на 18 септември од 19:00 часот, каде преку концерти на класична гитара со изведба од сите жанрови настапија странски и домашни гитаристи.




РИТАМОТ НА
ЧАРШИЈАТА








РИТАМОТ НА
ЧАРШИЈАТА



## 3.Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ

Со поддршка од Град Скопје од 31 мај до 10 јуни 2024 година ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ го организираше и реализираше Фестивалот на детска креативност „Трамболини“.

„Трамболини“ со сите разнолики работилници кои беа по програмата, по петти пат се преточи во неисцрпен извор на креативност, кој преку едукативните и креативни работилници 10 дена ја развиваше креативноста, креативните вештини, фантазијата и љубопитноста кај децата.

Низ фестивалот минаа 100 деца на возраст од 7 до 17 години, кои преку електронски пријави и информации од социјалните мрежи се пријавуваа за учество во работилниците.

Децата на овој единствен фестивал успеаа да совладаат нови техники на креативно изразување на забавен и креативен начин. Во склоп на фестивалот се одвиваше, ликовна работилница и изложба, Рециклирање „Слики од природата“, мали Алхемичари, Личен развој, Вредни ботаничари, Креативни торбички, Мјузикл ,,Приказната за генијалната Матилда", Временски патници, Изработка на моден детал од глина.

- Вредните ботаничари во ЗОО градина направија сопствен аранжман и научија нешто повеќе за садење и пресадување на цвеќиња.
- На работилницата „Мојата креативна торбичка“ децата ја покажаа својата креативност на дело. Создадоа креативни торбички, кои беа украсени од децата и на крајот како спомен си ги понесоа со себе.
- Ликовната работилница беше вистинско изненадување за сите. Децата уживаа во сликањето и создадоа прекрасни ликовни дела кои на крајот беа изложени на изложба во КИЦ-Салон 19/19.
- Работилница Рециклирање „Слика од природата“ која по трет пат се изведе на турски јазик во ООУ. „Јашар Беј“.
- Посебно уживање беше да се гледа мјузиклот ,,Приказната за генијалната Матилда", препеан на македонски јазик, кој се одржа во кино Фросина-МКЦ, со членовите од хорската секција при ДКЦ Карпош и „Мјузикли за деца и младинци - Broadway JR“.
- Децата и оваа година во Музејот на Современа Уметност-Скопје повторно патуваа низ времето со Бојана Јанева и нејзините несекојдневни „Временски патници“ запознавјќи се со современата уметност.
- Во експерименталната лабораторија во „Градот на Балтазар“, во вистинската лабараторија во ДКЦ Карпош, младите алхемичари и оваа година направија необични и интересни експерименти.
- На работилницата „Личен развој“ младите научија повеќе за изразување на своите емоции.
- Со работилницата„ Си креиравме модни додатоци од глина“, како моден детал, кој ќе ја надополни нашата гардероба и ќе остане спомен од оваа прекрасна рабитилница, децата изработија прекрасни брошеви и привезоци.

Како наши соработници на фестивалот се јавија: МКЦ-Кино Фросина, Музеј на Современа Уметност, Зоолошка градина – Скопје, ООУ. „Јашар Беј“ и ООУ. „Љубен Лапе“.















# 4. Инструментите на моите предци

Во Големата сала на ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 05.10.2024 година од 09:00 часот по шести пат се реализираше „Инструментите на моите предци“ – натпревар кој е под покровителство на Град Скопје.

Натпреварот на изворни и класични инструменти е наменет за деца и млади од 10 до 21 години. Децата учесници преку овој натпревар, преку магијата на звукот на гајда, хармоника, тамбура, кавал, кларинет, тапан не носат во различни предели и региони од државата.

Натпреварот беше поделен во две посебни дисциплини:

- Изворни инструменти и состави
- Класични инструменти и состави

На натпреварот беа пријавени 26 натпреварувачи кои беа поделени во пет категории, а учесниците беа на возраст од 12 до 21 година. На победниците во сите категории им беа доделени дипломи за учество, а жирито едногласно одлучи оваа година гран при награда да ја понесе Дуо- Дамјан и Стефан Јакимовски.

ДКЦ – Карпош со овој натпревар на изворни и класични инструменти уште еднаш покажа дека кај децата и младите сеуште има желба и љубов за изучување на народни изворни инструменти, а со таа желба и љубов се продолжува традицијата од нашите предци и се остава аманет за идните поколенија.




ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS

ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS

ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS


ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS

ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS

## 5. Фестивал за класичен балет и модерен танц

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје и Министерство за култура на РС. Македонија и оваа година го реализираше единствен кај нас „Фестивал на класичен балет и модерен танц“. Љубителите на балетската уметност и модерниот танц на 07 и 08 јуни 2024 година, во Македонскиот народен театар-МНТ можеа да уживаат во реализацијата на четвртото издание на овој фестивал кој во две вечери со прекрасни танци на класичен балет и модерен танц ја крена публиката на нозе.

Оваа година првата вечер од фестивалот беше посветен на Елисавета Кушовска, која за постигнати успеси во негување на млади балетски кадри и заслуги во педагошката дејност ДКЦ Карпош и додели награда за животно дело. Фестивалот го отвори Директорката на карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска, а потоа публиката ги следеше настапите на учениците од балетскиот оддел од ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ и балетските точки изведени од членовите на Национална Опера и Балет.

Втората фестивалска започна со перформанс изведен од малите балерини од балетската секција на Детскиот културен центар – Карпош и настап на балетското студио „Балерина“ на уметничкиот директор на фестивалот Маја Каревска. Оваа година публиката имаше можност да ги проследи соло изведбите на гости од Турција, Нисан Булук и Мила Томбулоглу, како и гостинката од Иран, Сахра Корасани. Во продолжение следеа настапи на учениците од балетскиот оддел од ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ и „Денс студио Мак“ од Куманово. Фестивалот на класичен и модерен танц оваа година му додели признание како голем поттик на младиот уметник Анди Исмаили кој е неколкукратен светски првак во модерен танц.


ФЕСТИВАЛ НА
КЛАСИЧЕН БАЛЕТ
И МОДЕРЕН ТАНЦ


ФЕСТИВАЛ НА
КЛАСИЧЕН БАЛЕТ
И МОДЕРЕН ТАНЦ




ФЕСТИВАЛ НА




7-8.06.2024

## 6. Меѓународен фестивал на класична гитара -Тремоло

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош" под покровителство на Град Скопје успешно го организираше и реализираше 15-то јубилејно издание на Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло" 2024.

Фестивалот „Тремоло“ е културен настан кој ги обединува љубителите на класичната гитара, студентите и професорите од Скопје, од државата, но и од светот. Во текот на изминатите 15 години овој единствен фестивал во нашата земја, прерасна во престижен културен настан кој сведочи за присуството и појавата на се́ поголем број светски познати уметници специјализирани за класична гитара.

Оваа година на Фестивалот по класична гитара „ТРЕМОЛО“, скопската публика имаше можност да ужива во три концертни вечери на кои настапија домашни и странски светски познати гитаристи.

Првиот концерт се одржа на 28 октомври во Музејот на македонската борба од 19.00 часот на кој настапија млади класични гитаристи. На 29 октомври од 19:30 часот во „Национална филхармонија“ се случи вистински музички спектакл со настапот на гостите од Шпанија - триото El Sonido De La Vida, каде како главен гостин настапи познатиот шпански гитарист Carlos Sancez кој со својата изведба и со настапот на танцот – Фламенко, кој го изведе Lucia Serrano ја кренаа на нозе публиката во „Национална филхармонија. На овој незаборавен концерт бевме почестени со присуство на гости - Абасадори од неколку странски Амбасади во нашата држава. Концертот го отворија Директорката на ДКЦ Карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и Амбасадорот на Кралството Шпанија Рафаел Сориано Ортиз (Rafael Soriano Ortiz). Третиот концерт се одржа на 30 октомври од 19:00 часот исто така во Музејот на македонската борба на кој настапија Jimmy Liu (Shih-yu Liu) од Тајван и младата гитаристка Cassie Martin од Франција.

Со богатиот избор и со изведби на одлични концерти изведени од познати светски класични гитаристи во текот на изминатите 15 години, ДКЦ Карпош со голем број еминентни гости, солисти, педагози и светски познати уметници од областа на класичната гитара, придонесе овој фестивал да стане традиционален кој е препознатлив со својата уникатност.

Покрај трите концертни вечери, во текот на овој музички фестивал се одржаа и мастер часови од областа на класичната гитара и фламенко.




International Guitar Festival
Tremolo
2024
Skopje
28-30.10.
Concerts Workshops Masterclass




EMBAJADA
DE ESPAÑA
EN SKOPJE


Tremolo
2024
ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ГИТАРА
Masterclass
Skopje
28-30.10.


Tremolo
Workshops Masterclass
Skopje
30.10.

## 7. Работилници за креативно менторство

ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош“ под покровителство на Град Скопје по шести пат од 2 септември до 30 септември 2024 година го реализираше проектот - работилници „Кеативно менторство“. Проектот се состои од размена на знаење и искуство на релација ментор-ученик и се состои од низа предавања и работилници на претходно утврдени теми.

Проектот ,,Креативно менторство” е наменет за деца и млади од 12 - 16 годишна возраст и има за цел да ја сублимира креативноста и креативните потенцијали на младите, како основа за понатамошен раст и развој на ученикот.

Учениците-учесници на овој проект со експерти – ментори низ серија предавања постигнаа повисоко ниво на креативност и инвентивност, а сето тоа се преточи во завршен производ од областа на креативните индустрии. Учениците имаа можност директно да се вклучат во работилниците и предавањата и преку нивна директна ангажираност во полето на културата да ја постигнат посакуваната цел.

Оваа година се одржаа работилници за Инклузивен (универзален) дизајн и Класичен мозаик. Работилниците се одвиваа во ООУ „Ј.Х.Песталоци“ и гимназија „Ѓорѓи Димитров“. На работилниците се пријавија и учествуваа 40 ученици кои имаа можност да ја истакнат својата креативност согласно својот афинитет, односно понудена работилница. Работилницата по „Инклузивен дизајн“ е еден аспект од дизајнерскиот пристап, насочен кон корисниците, кој се занимава со обезбедување еднаква пристапност и употребливост за сите потенцијални корисници. Низ низа предавања и разгледување на позитивни практики од примената на инклузивниот дизајн, чија крајна цел беше учесниците во работилниците да дадат конкретни предлози/дизајни кои можеби во иднина ќе се развијат во реални продукти. Работилницата за класичен мозаик е дел од овој проект кој има за цел да ја подигне свеста кај младите за мозаикот како уметнички занает, културата и традицијата и мозаикот како алатка за развивање на вештините.

Со поддршка на едукаторите кои го дадоа својот максимум во изведба на овие креативни работилници мораме да истакнеме дека младите креативци беа пресреќни од трудот кој го вложија и со голем ентузијазам работеа на работилниците и на крајот со гордост ги претставија своите дела.











## 8. ЗОО Азбука 6

Во Зоолошката градина-Скопје на 20 септември 2024 година во 12:00 часот се реализираше последното издание и незаборавна промоција на музичко – едукативниот проект насловен како ЗОО Азбука. Со 5 нови песни за 5 животни кои се жители на Зоолошката градина-Скопје и кои наскоро ќе се најдат на новиот YouTube канал, се промовираше последното 6-то издание од овој мултимедијалниот проект на кој главен покровител е Град Скопје.

Целта на овој музичко едукативен проект е најмладата публика преку музиката освен што ги запознавaат животните и нивните живеалишта исто така да се едуцираат и за културата на однесување во Зоолошката градина, како и начинот на исхрана на истите.

На наше големо задоволство, но и на големо задоволство за најмладата публика, промоцијата на песните се реализираше успешно исто како и изминатите пет изданија на ЗОО Азбука. На ова шесто издание избрани солисти испеаа пет нови песнички и ја запознаа публиката со животни, безрбетници и птици кои живеат кај нас. Преку певливите рефрени и како вовед пред секоја песна, со интересни приказни кои им ги раскажа познатиот ZooKeeper Bojo Иванов, децата се едуцираа за животните за кои беа наменети песните односно за тоа како ги чуваат, што јадат, во какви услови живеат и од кој континент се пристигнати.

Искрено веруваме дека сите заедно со презентирање на новите песни од овој мултимедијален проект ја подигнавме свеста кај сите посетители на Зоолошката градина и дека повторно предизвикавме радост кај најмладата публика.














HotSpot
МУЛТИМЕДИЈАЛНА БОЕНКА И ПЕСНАРКА
ЈУ Детски културен центар

## 9. Меѓународен детски фолклорен фестивал - Оро без граници

„Оро без граници“ повеќе од 30 години претставува симбол на пријателство помеѓу децата од државата и од странство. Фестивалот „Оро без граници“ своите почетоци ги бележи во далечната 1991 година кога се одржува и првиот фестивал и од тогаш до ден денес овој фестивал се реализира во континуитет 33 години.

Фестивалот е во организација на ЈУ. „Детскиот културен центар „Карпош“, а главен покровител на фестивалот е Град Скопје. Детскиот културен центар - Карпош со својот фолклорен ансамбл се домаќини на фестивалот, а со тоа тие ја водат и целата организација. Еден од главните и најсимболични моменти на фестивалот е дефилето на учесниците, каде се формира најголемото оро, оро кое не познава граници, оро кое е симбол на пријателство меѓу децата.

Централниот настан се одржа во градскиот парк на Школка на 21.09.2024 со почеток во 19.00 часот. Фестивалската програма како и секоја година, започна со традиционални македонски игри и ора, а први настапија членовите на фолклорната секција при ДКЦ –Карпош. Оваа година „Оро без граници“ беше во знакот на мултикултурен мозаик. Во продолжението на фестивалот настапија и други фолклорно уметнички друштва каде публиката можеше да види испреплетување на култури и традиции кои ја претставија со своите уникатни костими и носии.

Детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ придонесува за зачувување и презентирање на традицијата и културата и промовирање на знаменитостите по кој е препознатлив Градот Скопје, изјавува Директорката на фестивалот д-р Биљана Лалчевска Серафимовска.






ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ
ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ




ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ
ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ



# II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

## 1. Водици во село Тамјиште - краток документарен филм

Краток документарен филм врз база на теренски истражувања со етнолошки и етнокореолошки елементи е новиот проект на ДКЦ „Карпош“, кој се релизираше од јули 2023 до февруари 2024 година. Низ неколку кратки документарни филмови снимени во нашата држава, децата, младите и пошироката јавност се запознаа и се едуцираа како да ја вреднуваат македонска традиција и култура. Кратките филмови се изработени од стручни лица , вработени во ДКЦ „Карпош“, Јулијана Јакофоска Георгиевска – Етнолог и Марко Младеновски – Етнокореолог, Татијана Милановиќ - соработник за сценска музичко дејност и Георги Трајков – стручен соработник за музичко сценска дејност.

Увидувајќи дека на терен многу од работите не можат да се регистрираат во потполност преку фотографии или преку вербалениот приказ ДКЦ Карпош започна да создава етнографски и етнокореолошки документарни филмови, каде предмет на опсервација се традициски култури во разни сегменти од животот од минатото. Како такви етнографските и етнокореолошките документарни филмови всушност се резултат на исцрпност и долготрајно бележење во дадена средина на вистински постоечки или пак сега реконструирани , но предходно постоечки форми на човечка пракса, а со цел најмладата популација да се запознае со културното наследство, традиција и култура.

Во овој документарен филм се раскажува прекрасна приказна за тоа како се прославувал празникот Петровден во минатото и како се прославува во денешно време. Населението во с.Тајмиште од колено на колено, со генерации успеало да ја задржи македонската традиција и култура на овој празник.

Документарниот филм може да се погледне на YouTube каналот на ДКЦ-Карпош.

https://www.youtube.com/watch?v=6cLneSg5Rrs

## 2. Гостување на фолклорниот ансамбл на ДКЦ-Карпош на „Ритамот на традицијата“ – Кочани

Учество на фолклорната секција во Кочани на концерт насловен „Ритамот на традицијата“, на покана на Ансамблот за традиционална музика и игра „Митко Алексов“ од Кочани.











## 3. Цртање на асфалт

ЈУ. Детски културен центар – Карпош и оваа година ја реализираше манифестацијата „Цртање на асфалт“ која е со традиција повеќе од 40 години и се одржува по повод 24 Мај денот на македонските просветители Св.Кирил и Методиј. На оваа манифестација учествуваат најмалите, децата од предшколските установи од Скопје. Оваа година на манифестацијата учествуваа деца од 18 предучилишни установи.

ДКЦ „Карпош“ секоја година обезбедува материјали за цртање, пригодна програма, запознавање на децата кое е значењето и зошто се одбележува овој голем ден како празник.

Манифестацијата „Цртање на асфалт“ оваа година се одржа во ДКЦ Карпош под мотото - Ја учам азбуката, моите први букви.









## 4. Беланоќ

Во организација на ЈУ. „Универзална сала“ оваа година се одржа 20 јубилејно издание на „Бела ноќ“ , во која со различна програма беа вклучени сите културни институции од Скопје.

Во рамките на Бела ноќ, во ЈУ. „Детски културен центар „Карпош“ се одржа натпревар на „Инструментите на моите предци“ и ликовна изложба.













# 5. Ученичка квизотека 2023/2024

Таткото на модерната физика во еден наврат има изјавено:
„Ако сум видел подалеку од другите, тоа е затоа што сум застанал на рамениците на џинови“.
Убав начин да се каже дека знаењето е кумулативно и го стекнуваме постепено, дека во овој случај големиот Исак Њутон го препознал напредокот на научната заедница пред него, исто како што ние го препознаваме значењето на просветителството и образованието, посветеноста кон обликувањето на младите „ умови“ . Посебна чест е да се работи со деца, да се набљудува таква напредна генерација која е мотивирана кон големи успеси.

На Ученичка квизотека 2023/2024 учествуваа 50 основни училишта со по три натпреварувачи кои низ целиот циклус кој се состои од прашања од учебниците кои децата ги учат во 8 и 9 одделение, но секако има и прашања од забавен карактер како и општи прашања. Низ целиот циклус сите деца кои се натпреваруваа покажаа големо знаење. На финалниот натпревар победија пет основни училишта кои воедно беа и наградени со симболични, но за нив корисни и вредни награди.

I место - ООУ „Дане Крапчев“- Општина Гази Баба
II место - ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“- Општина Ѓорче Петров
III место - ООУ „Живко Брајковски“ - Општина Бутел
IV место - ООУ „Григор Прличев“ - Општина Гази Баба
V место - ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода









## 6. Играм и пеам за мојата мајка

Во ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 08.03.2024 година во 10:00 часот беше отворена изложба на цртежи и честитки со тема - Цртам за мојата мајка, изработени од деца од детските градинки од Скопје. Изложбата се одржува по повод празникот 8 Март - Меѓународен ден на жената и е дел од музичко креативниот настан „Играм и пеам за мојата мајка“.

На наша покана до сите градинки, пристигнаа ликовни творби кои ги изработија децата, од кои може да се види колку далеку одат детските чувства, креативност и фантазија и како тие си ја замислуваат својата мајка-жена и која е нејзината улога во нивниот живот.

За децата од градинките беше организирана и пригодна програма. Оваа година гостинка во ДКЦ Карпош беше Марија Дојчиновска вработена како зоонеговател во Зоолошката градина во Скопје, која им раскажа за нејзината работа со животните кои се жители на ЗОО односно им раскажа дека секоја жена може да биде успешна во секоја професија за која ќе се определи.









## 7. Ден на здравје  - Крос трка

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош“ на 5 април од 11:00 часот ја организираше крос трката по повод Меѓународната недела на здравјето. На спортската манифестација учествуваа деца од 20 градинки од Скопје и околината.

Трката се одржа на тартан патеката во Градскиот парк. Децата трчаа на 250 метри во мешана категорија, момчиња и девојчиња. Покрај трката имаше и штафетно трчање на 200 метри (4×50 метри). Целта на оваа манифестација е да ја одбележиме Меѓународната недела на здравјето и да се испрати порака- Спортувањето и здравиот начин на живеење ќе придонесат за долг и здрав живот.









# 8. Јавен час на секциите на ДКЦ-Карпош

На 31 мај 2024 година во просториите на ДКЦ Карпош и во Салон 19/19 - Киц се одржа годишен Јавен час на кој настапија членовите од сите секции кои се одржуваат во ДКЦ-Карпош.

Во Центарот дипломи за успешно завршена година добија членовите од музичката секција каде се изучуваат традиционални инструменти тапан, гајда, тамбура и кларинет. Во ДКЦ Карпош исто така се одржаа и завршните часови по шах и турнир во пинг-понг, во машка, женска и мешана категорија .

На годишниот Јавен час во КИЦ во Салон 19/19 настапија членовите од фолклорната секција, членовите од музичката секција-класична гитара, а во галеријата се одржа изложба на ликовните творби на малите, но големи уметници. Малите балерини со прекрасни перформанси својот завршен час го одржаа на „Фестивалот за класичен балет и модерен танц“.












## 9. Движи се за здравје- Спортувај за здравје

Од 16 до 22 септември 2024 година започна Европската недела на мобилност, каде ЈУ. Детски културен центар – Карпош секоја година традиционално ја дава својата поддршка преку реализација на манифестацијата „Движи се за здравје“. Оваа година на манифестацијата учествуваа, спортуваа и се забавуваа деца од 17 градинки од Скопје.

Целта на оваа манифестација е да се потсетиме дека вежбањето е еден од главните фактори за правилен раст и развој на децата, како и за подобрување на моторичкиот развој уште од рана предучилишна возраст.

Децата преку вежбањето и движењата, ја открија брзината и вештината на поминување на поставените полигони, возењето велосипед, тротинет и други спортски активности кои ги подготвивме за нив.

Манифестацијата „Движи се за здравје“ се реализираше по 10-ти пат на 16 септември со почеток од 10.00 часот на Фонтана Лотус.

Во реализацијата учествуваа и студенти од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.









## 10. Хуманитарен концерт за Леонид Индов

На 30.01.2024 година во Музеј на македонската борба –Скопје се одржа хуманитарниот концерт за Леонид Индов и секако ДКЦ -Карпош даде безрезервна поддршка на истиот. Дел од гитаристите беа и наши членови, младите и успешни гитаристи Давид Костов и Бора Акташ, како и студентите од Музичката академија од класата на м-р Дарко Багески. Поддршка на овој хуманитарен концерт даде и амбасадорот на Јапонија со своја изведба на класична гитара.











## 11. Посета на дом за стари лица - Мајка Тереза

На 15 март 2024 година фолклорниот ансамбл при ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ Скопје за највозрасните категории граѓани подготви прекрасна програма, изведба на македонски ора и игри. Децата споделија многу пријатни моменти при посетата на нашите највозрасни сограѓани во домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани, а играорците со своите изведби придонесоа денот да биде уште поубав. Мудроста е кај највозрасните и најмудрите, а децата од ДКЦ – Карпош со песна, игра и ора се секогаш спремни да им ги разубават животот и пензионерските денови.







## 12. Квиз Бамбини

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ по втор пат оваа година ја реализираше активноста квиз „Бамбини“, активност која е наменета за децата од градинките во Скопје. Квизот се одржа во неколку скопски градинки и може да се каже дека како и првиот пат така и оваа година беше одлично прифатен од најмалите, децата од градинките. Квизот „Бамбини се одржа во градинките: ЈУДГ „Кочо Рацин“- објект Бели мугри, ЈУДГ ОЦ „13 Ноември“ – клон Кукушка, ЈУДГ „Кочо Рацин“ – Капиштец, ЈУДГ ОЦ „Р.Ј.Корчагин“- објект Пинокио и Пепелашка-Општина Центар.

Оваа активност ДКЦ - Карпош започна да ја реализира бидејќи предучилишниот период на детето е сетилен развој со кој се обидува да го запознае и разбере светот околу себе.

Во текот на предучилишниот развој децата, преку игра и интеракција учат. Интерактивните игри како квизот „Бамбини“ му дава можност на детето да ги научи и практикува основните социјални, емоционални вештини за решавање проблеми што ќе ги користи во текот на неговото школување и воопшто во неговиот животен развој, а сите деца учат на свој уникатен начин, посебно од интерактивни средби сеопфатно се извлекува најдоброто од детето.







## 13. Саем на средни училишта на Град Скопје-настап на фолклорната секција на Плоштад Македонија

Фолклорниот ансамбл при ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ настапи на „Саем на средни училишта на Град Скопје“ со познати македонски игри и ора. Шареноликоста на народните носии кои ги носеа девојчињата и нивниот настап уште повеќе го разубавија саемот и Плоштадот Македонија.






## 14. Одбележување на Светскиот ден на пинг- понг

На 23 април во ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ членовите на пинпонгарската секција при Центарот со турнир го одбележаа светскиот ден на пинг – понг.








# 15. Го градам мојот град

По повод 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје, кој оваа година слави 80 години од ослободувањето, ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош“ и оваа година традиционално ја организираше манифестацијата „Го градам мојот град“ на која учесници беа децата од 19 предучилишни установи од Скопје.

Манифестацијата „Го градам мојот град“ има за цел да ги истакне детските творечки способности и детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата со денот 13 Ноември и неговото значење. На овој ден, децата од скопските градинки од различни природни и други материјали по свој избор направија објект - макета на повеќе значајно објекти - обележја на Скопје. На креативните макети можеа да се видат, реката Вардар, Водно, Камениот мост и уште многу други објекти кои го красат Скопје.

Манифестацијата се одржа во просториите на ЈУ Детски културен центар „Карпош“ на 13 ноември 2024 година со почеток од 10:00 часот.










## 16. Драмска претстава „Тинејџерски лудории“

Членовите на  драмската секција при ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 20 ноември во Салон 19/19-КИЦ ја одиграа премиерата на театарската претстава ,,Тинејџерските лудории". Одлична глума, одлични тинејџери, одличен текст и многу моќна порака. Покрај другарството, првите симпатии кои се убави чувства, во тинејџерските години се јавува љубомора, расправии и лудории кои не се баш убави е се едни од негативните чувства кои ги чуствуваат децата во тинејџерските години.  Специфични години за скоро сите тинејџери. Токму за сите овие чуства се говори во претставата „Тинејџерски лудории“, каде се случуваат и каде децата од драмската секција при ДКЦ Карпош одлично ја одиграа оваа претстава, каде на крај сепак победува добрината и другарството.












## 17. Активност на драмско музичкото студио на ДКЦ- Карпош- Приказната за генијалната Матилда

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ во рамките на активностите на драмско музичкото студио, во кино Милениум се одигра мјузиклот „Приказната за генијалната Матилда“. Во преполната сала, овации и бис за - Мјузикли за деца и младинци Broadway JR, кои ја изведоа безвременската приказна за малата Матилда.









## 18. Активност на драмската и балетската секција „Последната зимска ноќ“

Со детската претстава ,,Последната зимска ноќ" која се одржа на 27 ноември 2024 година во ДКЦ –Карпош завршија активностите за тековната година на драмското музичко студио. Одлична претстава, одлични деца-актери и полна сала.









## 19. Новогодишна претстава - Последната зимска ноќ

На 19 декември во кино Фросина-МКЦ од 10:00 часот се одржа Новогодишна претстава - Последната зимска ноќ и доделување на новогодишни пакетчиња.

Децата од драмско музичката секција заедно со Дедо Мраз преку театарска претстава и балетски игри го прославија пристигнувањето на новата 2025 година.









## 20. Завршен Јавен час на музичката секција класична гитара и кларинет

На сцената во ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 21 декември се одржа новогодишен концерт каде се претставија децата членови од музичката секција. На концертот се претставија класичните гитаристи и децата кои цела година изучуваа кларинет.









## 21. Спортски активности – спорт без пречки

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 27 декември организираше спортски активности со кои го одбележа месец декември, месец посветен на деца со попреченост - спорт без пречки.









# 22. Новогодишна презентација на
# ЈУ. Детски културен центар „Карпош“

На 26 декември 2024 година во кино Фросина-МКЦ со презентација на сите секции на ДКЦ – Карпош заврши успешно тековната година. Со многу љубов, труд и посветеност децата членови на секциите во Центарот успешно ја заокружија 2024 година.








# III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ како културно образовна институција со долгогодишна традиција го организира и осмислува слободното време на децата во воспитно образовна и творечка работа, како во духот на македонската традиција така и во следење на новите светски достигнувања во Установите од овој тип.

Членувањето во секциите и работилниците придонесуваат за развивање и негување на таленти во различни области како и градење самодоверба кај децата.

***Секции и работилници кои се одржуваат во ДКЦ Карпош:***

- ✓ Играорна секција

  Генералната програмска определеност е негување на изворното и стилизирано македонско народно оро и песна. Од самото формирање, па се до денес, детскиот фолклорен ансамбл на „Карпош“ е вистински амбасадор на својата држава, а пред се на својата култура.






- ✓ Балетска секција

  Во балетската секција се изучуваат балетски движења и се создаваат кореографии од класичен и модерен балет. Часовите се одвиваат во три групи поделени според возраста на децата, каде што се изучуваат разни стилови — класичен балет, модерен и џез балет. Децата се подготвуваат за јавен час, како и учество на разни манифестации, фестивали и концерти.





- ✓ Ликовна секција

Ликовното воспитание и образование ја култивира личноста на детето и ги развива неговите творечки способноти. Преку ликовното изразување се пренесуваат знаења и естетски вредности, се развиваат способности преку кои детето ја развива и ослободува својата личност. Часовите по цртање и сликање се наменети за деца и млади кои покажуваат талент за ликовното изразување.





- ✓ Музичка секција-класична гитара

Часовите по класична гитара се изведуваат индивидуално, во зависност од тоа колку детето - член има познавање од свирење на овој инструмент. Се воведуваат во светот на музиката преку различни техники, учење на солфеж и теорија, ритам, кратки мелодии (од детски песни, класични композиции и популарни песни) прилагодени според возраста. Почетниците се запознаваат со музичката теорија, солфеж и гитарата како инструмент, додека децата кои веќе имаат познавање од музичката теорија, изучуваат кратки дела од познати светски композитори. Членовите на оваа секција учествуваат на многу манифестации и концерти кои ги организира ДКЦ Карпош како и посетуваат и натпревари по гитара.





- ✓ Музичка секција- изучување тапан, гајда....

Програмската определеност зависи пред се од програмските афинитети на традиционалните мелодии и генерациска можност на членовите кои изучуваат традиционални инструменти (тапан, гајда, тамбура и кавал). Генерална програмска определеност е негување на изворните инструменти како и на народното оро и песна.





- ✓ Драмска секција

Драмското студио на Детскиот културен центар - „Карпош“ им обезбедува на децата простор за креативна игра во која им е дозволено да прават грешки и да експериментираат. Преку драмски претстави, сценско движење и импровизации, ја стимулираме имагинацијата, практикуваме критичко размислување и развиваме емпатија и толеранција.
Во драмското студио работиме на тоа децата да го задржат она што е најважно, а тоа е искреноста. Се работи на разбивање на стравот од јавен настап со помош на драмски игри и вежби во групи и индивидуално. Ги поставуваме темелите на актерскиот израз, сценскиот говор, сценското движење и заедно совладуваме разни театарски улоги. Зборуваме за емоциите и ги анализираме искуствата, креираме и промислуваме.
.





- ✓ Сценски движења

  На оваа секција учесниците работат на поврзување и емотивно активирање на сопственото тело и изведување движења за зголемување на опсегот на движење и флуидност. Преку бавни удобни чекори и свесно движење се одржува координација на телото. На оваа секција, која е тесно поврзана со драмската секција може да предложите сопствени начини на движење, отвореност, следење и слушање на сопственото тело.





- ✓ Мултимедијално творештво

  Основната идеја на секцијата за мултимедијално творештво е да им овозможи на децата таленти да учат за музиката, без оптоварување и правила. Нашиот концепт го дизајнираме според желбите и потребите на децата. Затоа сме тука да ги слушнеме, да создаваме, пееме, снимаме со нив и за нив. Пеењето и учењето различни мелодии на нашите часови се изведува со голема радост и ентузијазам.
  За нас е важно на секое дете да му посветиме целосно внимание, за да го развие својот целосен музички потенцијал. Преку различни техники и преку работилници го усовршуваме детскиот талент и компонираме песна. Најзабавниот дел од нашата програма е снимањето во студио и слушањето на сопствениот глас во радио реклама. Можеби ќе им ја отвориме вратата на децата за успешна музичка кариера или за радио водителство, а ќе имаат убаво сеќавање кое засекогаш ќе биде запаметено.





- ✓ Пинг-понг

Пинг- понгот е активност од областа на спортот и рекреацијата кој со своите содржини го организира слободното време на децата. Пинг - понгарската секција е погодна да ги ангажира децата во слободна игра без ограничувања и пропозиции. Се организираат пинг-понгарски натпревари кои ги опфаќа учениците од повеќе основни и средни училишта.





- ✓ Шах

Шаховската секција е активност од областа на спортот и рекреацијата.Покрај редовните часови се организира и по разни поводи шаховска симултантка и натпревар во решавање на шаховски проблеми. Се организираат турнири, а на крајот од годината се организира и првенство во кое ќе бидат опфатени повеќе деца од основните училишта од Скопје.






- ✓ Хорско пеење

Програмските определби на детскиот хор зависат од програмските определби на раководителот на хорчето (диригентот) и програмскиот интерес на Детскиот културен центар — Карпош. Заради културно — афирмативната програма на ДКЦ, детскиот хор пред се ја негува детска песна од забавен карактер, со можност да врши обработки на песни и со народни мотиви. Програмските определби се менуват според гласовните можности на децата. Како хорче, настапува на сите манифестции кои ги организира Домот.





- ✓ Природни науки

Работилницата за природни науки ја поттикнува детската љубопитност за експериментирање. Несекојдневните демонстрации на хемиски реакции кои ги изведуваат заедно со едукаторот, а потоа и самите ќе експериментираат, ќе остават голем впечаток кај децата и младите кои навлегуваат во светот на експериментирањето.





## **Работилници**

- ✓ Етно креативно катче

На овие етно работилници на децата на почетокот преку презентација им се презентира материјалот за изработка и предмети изработени од истата техника со етно мотиви која бара многу трпени и љубов. Исто така ги запознаваме со дел од нашето културно наследство, традиција и култура.





- ✓ Детска филозофија

Интерактивна работилница, која низ модефицирани литературни дела има за задача да ги интригира младите да се сконцентрираат на „подтекстот“- симболика, поука, емпатија за протагонистот и антагонистот. Импровизирано алтернативно сценарио **„Што би направиле ние“**





# IV.КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

- Одржување на улични библиотеки

Во периодот од 19.08 – 23.09.2024 година се изврши санација и поправка на уличните библиотеки кои се поставени во Ибни Пајко паркот, дворот на ДКЦ – Карпош и Кулпарк пред КИЦ. Имено уличните библиотеки се изложени на надворешни влијанија и треба редовно да се одржуваат, а исто така беа и доста оштетени.

За таа цел, уличните библиотеки се санирани и повторно се вратени во функција. Со одржувањето на уличните библиотеки ја јакнеме свеста кај граѓаните дека истите имаат цел да служат секому и нивниот изглед е карактеристичен. Книгите кои се наоѓаат во истите се позајмуваат, се читаат и се враќаат и уличните библиотеки работат на принципот на доверба. Нашата грижа за уличните библиотеки е континуиран процес и истата ќе продолжи и во иднина.

# V.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМА ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ
ЗА 2024 ГОДИНА

**ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ**




**УЧЕСНИЦИ ПО ПОЛ**






## СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД И СПОРЕДБА ПО ГОДИНИ НА ВНАТРЕШНИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ – КАРПОШ

Учество на 20 градинки, 50 девојчиња, 50 машки - Вкупно 100 деца






Учество на 50 основни училишта по 3 ученици, 150 учесници, 60 девојчиња, 90 машки




Учество на 20 градинки. Вкупно 160 деца, 80 девојчиња, 80 машки




Учество на 18 градинки, 90 машки, 90 девојчиња - Вкупно 180 деца




Учество на 17 градинки. 100 девојчиња, 70 машки - Вкупно 170 деца




Учество на 19 градинки, 60 девојчиња, 35 машки - Вкупно 95 деца




20 машки, 9 девојчиња - Вкупно 29 деца







10 машки, девојчиња 20 - Вкупно 30 деца

4 машки, девојчиња 4 - Вкупно 8 деца







25 девојчиња-Вкупно 25 деца

20 машки, 30 девојчиња-Вкупно 50 деца







20 девојчиња - Вкупно 20 деца

20 девојчиња - Вкупно 20 деца







10 девојчиња - Вкупно 10 деца

9 машки, 9 девојчиња-Вкупно 13 деца







15 машки, 155 девојчиња-Вкупно 170 деца

10 машки,10 девојчиња-Вкупно 20 деца












Во три групи: мала група 25 деца, средна група 19, голема група 16 - Вкупно 60 деца




44 девојчиња 44, Машки 5 - Вкупно 49 деца




41 девојчиња, 4 машки - Вкупно 45 членови

## ЛИКОВНА СЕКЦИЈА




45 девојчиња, 5 машки - Вкупно 50 деца

## РАБОТИЛНИЦА ПО ДЕТСКА ФИЛОЗОФИЈА




40 машки, 70 девојчиња - Вкупно 110 деца




Вкупно 6 девојчиња




10 девојчиња - Вкупно 10 деца

**ШАХ**




15 машки, 2 девојчиња - Вкупно 17 деца

**ПИНГ-ПОНГ**




11 машки, 4 девојчиња - Вкупно 15 деца

## ДРАМСКА СЕКЦИЈА




4 девојчиња, 2 машки - Вкупно 6 деца

## МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО




7 девојчиња, 3 машки - Вкупно 10 деца

**НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**




2 девојчиња - Вкупно 2 деца

Изготвил:

Програмски организатор

Ирина Костовска

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# ЗА  РАБОТАТА НА

# ЈУ. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ
# ЗА 2024 ГОДИНА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2024
## за буџетска сметка 785010962860318
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ............. 6.211.043,оо

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за тројца вработени, средства за подмирување на режиските трошоци на Установата, средства за реализација на одобрена програма за 2024 година, наменски надоместок за членови на Управен и Надзорен одбор за 2024 година).

Вкупно расходи:

По групи:

401 - Основни плати ............................................ 1.917.957,оо

402 - Придонеси за социјално осигурување.............. 743.223,оо

404 – Надоместоци (К-15) .............................................. 32.952,оо

421 – Комунални услуги, греење, комуникација ........... 1.322.718,оо

425 – Договорни услуги ....................................... 404.472,оо

(наменски надометок за членовите од Управен и Надзорен одбор за 2024 година).

464 – Разни трансфери......................................... 1.749.827,оо

(реализација на одобрена програма за 2024 година)

481 – Градежни објекти .......................................... 39.894,оо

(поправка на улични библиотеки)

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2024
## за буџетска сметка 1801009628-603-18
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Министерство за култура и туризам по сите основи:

741111- Трансфери од други нивоа на власт ................ 153.000,оо

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Министерство за култура и туризам за реализација на одобрена програма за 2024 година).

Вкупно расходи:

По групи:

464 – Други оперативни расходи ............................ 153.000,оо

(реализација на одобрена програма за 2024 година)

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2024
## за буџетска сметка 7850109628-787-15
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Вкупно остварени приходи по групи:

723 - Такси и надоместоци .................................. 1.261.502,оо

(Ова ставка подразбира приходи кои се остварени по пат на уплата на членарина по секции во институцијата од областата на културата)

725 – Останати неданочни приходи .......................... 116.556,оо

741 – Пренесено салдо од 2023 година ..................... 127.564,оо

Вкупно трошоци по конта:

420 - Патни и дневни расходи............................... 64.832,оо

(Оваа ставка подразбира патни трошоци за присутво на обуки)

421- Комунални услуги, греење, комуникација …....... 123.526,оо

(Комунални услуги за потребите на установата)

423 – Материјали и ситен инвентар .............................. 100.712,оо

(Оваа ставка подрзабира канцелариски материјали за потребите на институцијата, средства за хигиена спроведени по пат на јавна набавка и материјали за разни поправки: рачки, сијалици, силикон, мрсна боја, штрафови, типли, шајки,закачалки....)

424 – Поправки и тековно одржување ............................ 89.349,оо

(Оваа ставка подразбира сервисирање на службеното возило, месечно одржување на платформата за лица со посебни потреби, одржување на ПП апарати)

425 – Договорни услуги ............................................... 513.361,оо

(Оваа ставка подразбира изнајмување на простор, осигурување на недвижности, осигурување на целокупниот објект, осигурување на службено возило и осигурување на вработените, правни услуги и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи ......................................... 89.084,оо

(Оваа ставка подразбира објавување на огласи за јавни набавки, семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери................................................ 369.757,оо

(Оваа ставка подразбира уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во издание на ДКЦ Карпош и авторски хонорари за ангажирани лица за потребите на центарот)

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2024
## за буџетска сметка 785010962890310
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ............ 9.338.660,оо

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за десет вработени и одобрено средства за режиски трошоци и дополна на програма за 2024 година)

Вкупно расходи:

По конта:

401 - Основни плати .................................................... 5.905.473,оо

402 - Придонеси за социјално осигурување ................ 2.293.066,оо

404 – Надоместоци (К-15) ............................................ 109.840,оо

421 – Комунални услуги, греење, комуникација ..............140.000,оо

464 – Разни трансфери ................................................ 890.281,оо

( одобрено со Ребаланс на Буџет за дополна на програма за 2024 година, одобрени средства за смрт на член на фамилија од вработен )

Директор

д-р Билјана Лалчевска Серафимовска



78